комерцијална банка ад скопје

ОПШТИ УСЛОВИ
ЗА ОТВАРАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА

Комерцијална Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банка) ги одредува општите услови за отварање, водење и затворање на трансакциски сметки на имателите на трансакциски сметки, основата за пресметување камата на трансакциски сметки, надоместок за вршење на услуги на платен промет, известување на имателите на трансакциски сметки, рекламацијата и важноста на општите услови. Освен за извршување на пооделни работи во домашниот платен промет, општите услови се однесуваат и на правата и обврските засновани со договорниот однос на Банката и на Имателот на трансакциската сметка како и на правата на овластените лица кои го застапуваат Имателот на трансакциската сметка.

1. Општи одредби

1.1. Правниот однос помеѓу Банката и Имателот на трансакциска сметка настанува со потпишување на Договор за отварање и водење на трансакциска сметка за вршење на платен промет во земјата. Пред склучување на Договор, Банката на Имателот на трансакциска сметка му дава еден примерок од условите.

Општите услови за отворање, водење и затворање на трансакциските сметки се составен дел на Договорот за отворање и водење на сметка за вршење на платен промет во земјата.

1.2. За сите измени што Банката ќе ги врши во општите услови за отворање, водење и затворање на трансакциските сметки, на соодветен начин ги известува имателите на трансакциски сметки.

2. Отворање на трансакциска сметка

2.1. Банката на Имателот на трансакциска сметка му отвара сметка ако ги исполнува следните барања и услови:

- Да достави барање за отварање на трансакциска сметка на интерен образец на Банката, и
- Да достави документација, која овозможува идентификација на Имателот на трансакциската сметка, на лицата овластени за располагање со средства на трансакциската сметка, на лицата овластени за подигнување на изводи, поднесување на налози за плаќање и/или на лицата овластени за подигнување на готовина од трансакциска сметка.

Банката најдоцна во рок од 2 работни дена од приемот на пополнетото барање за отварање на трансакциска сметка и пропишана документација склучува

договор и отвара сметка. Банката може едностранo да го врати барањето ако утврди дека Имателот на трансакциската сметка се однесувал спротивно на одредбите на овие услови или важечките прописи и за тоа веднаш да го извести Подносителот на барањето.

Со потпишувањето на Договорот, Банката на Имателот на трансакциската сметка му издава карта за трансакциска сметка на правно лице, а за сите лица кои се овластени за подигнување на изводи, поднесување на налози за плаќање и/или овластени за подигнување на готовина од сметка, Банката издава картички за идентификација за секое лице поединечно, со посебно доделен ИД број (системски генериран сериски број поврзан со ЕМБГ на лицето)

Со цел заштита на своите интереси, имателот на сметката и лицата кои поседуваат картичка за идентификација се должни да водат сметка за начинот на нејзиното користење и совесно чување, така што доделениот ИД број не биде непотребно видлив и достапен за неавторизирани лица.

Банката не одговара доколку дојде до злоупотреба на картичката или доделениот ИД број.

Имателот на трансакциската сметка е должен да ја извести Банката, доколку некоја од издадените картички е изгубена.

Секое лице кое има добиено картичка за идентификација со посебно доделен ИД број е лично одговорна за истата, и е должно да ја извести Банката за евентуално губење или крадење на картичката.

Во овој случај Банката на лицето ќе му додели нова картичка за идентификација со нов ИД број.

3. Водење на трансакциска сметка

3.1. Сите документи, податоци и информации кои се стекнати при отворање и водење на трансакциска сметка за вршење на платен промет во земјата претставуваат банкарска тајна која банката е должна да ја заштити и чува, освен во случај кога податоците и информациите се даваат на трети лица врз основа на законски прописи. Банката се обврзува да ги чува во тајност сите податоци до кои ќе дојде при работењето со Имателот на трансакциската сметка. Податоците кои имаат третман на банкарска тајна, Банката може без согласност на Имателот на трансакциската сметка да ги доставува само на лица кои се овластени согласно законските прописи.
Во согласност со законските обврски за заштита на личните податоци, Банката има обврска за заштита на личните податоци за застапникот по закон на Имателот на трансакциска сметка, овластените лица за располагање со средства на сметката и основачите-физички лица, и други лица за кои Банката има податоци.

3.2. Имателот на трансакциска сметка и дозволува на Банката во секое време сама да ги зема податоците кои се однесуваат на водењето на трансакциска сметка и се наведени во барањето за отварање на трансакциска сметка.

3.3. Банката се обврзува дека Имателот на трансакциска сметка преку неговата трансакциска сметка ќе прима, плаќа и ќе извршува исплати во рамки на

салдото на сметката, согласно договорот што ќе го склучи со Имателот на трансакциската сметка, или врз основа на одлука на Банката.

3.4. Позитивната состојба на трансакциската сметка претставува денарски депозит по видување со кој Имателот на трансакциската сметка може слободно да располага.

3.5. Со средствата на трансакциската сметка располага Имателот на трансакциската сметка.

3.6. Имателот на трансакциска сметка може да овласти трети лица да располагаат со средствата на трансакциската сметка. Овластувањето за располагање на средствата не може да се пренесува на трето лице и не се однесува на правото на затворање на трансакциската сметка.

3.7. Лицата кои се овластени за располагање со средствата на трансакциската сметка мораат да депонираат потпис во Банката. Потписите депонирани кај Банката важат до моментот на отповикување од страна на Имателот на трансакциската сметка, независно од уписот на извршената измена во јавен регистар или објава во службен весник. Банката не одговара за евентуалните штети што ќе настанат за Имателот на трансакциската сметка, заради ненавремено известување за промената на овластените потписници.

3.8. Имателот на трансакциската сметка треба да одреди лица кои ќе бидат овластени за подигнување на изводи, поднесување на налози за плаќање и/или подигање на готовина од неговата сметка. Лицата кои ќе бидат овластени за подигање на готовината од трансакциската сметка на Имателот на сметката задолжително треба да депонираат потпис во Банката. Овластувањето и потписите депонирани во Банката за овие лица важат се до моментот на отповикување од страна на имателот на трансакциската сметка. Банката не одговара за евентуалните штети кои ќе настанат за Имателот на трансакциската сметка заради ненавремено известување за промената на лицата овластени за подигнување на изводи, за поднесување на налози и/или за подигнување на готовина.

4. Извршување на платните инструменти

4.1. Платните инструменти кои Имателот на трансакциската сметка ги доставува во Банката мораат да бидат пополнети согласно стандардите во платниот промет. Платните инструменти можат да бидат доставени во хартиена или електронска форма, заедно со пропишаната документација.
Платните инструменти може да бидат доставени и во формат МТ101, како платна порака (инструкции за плаќање) примена преку системот на СВИФТ, врз основа на посебно дадено овластување за прием на платни инструменти во формат МТ101 преку системот на СВИФТ, дадени од страна на овластено лице за застапување на имателот на сметката.

4.2. Платниот инструмент може да има валута на извршување на истиот ден или со валута на некој иден ден кој е работен ден. Платните инструменти кои имаат валута на извршување на денот кога е доставен, се извршуваат истиот ден ако се доставени согласно терминскиот план на Банката за работење на платниот промет во земјата, а ако е доставен подоцна ќе се изврши наредниот работен ден, доколку за неговото извршување има покритие на трансакциската сметка.

4.3. Имателот на трансакциска сметка е одговорен за точноста и потполноста на податоците во платниот инструмент. Платни инструменти со стар датум на извршување, неправилно или непотполно пополнети, Банката нема да ги прими.

4.4. Имателот на трансакциска сметка и Банката можат да се договорат Имателот на трансакциска сметка да одреди приоритети за извршување на платните инструменти, во спротивно Банката ќе ги извршува инструментите според времето на прием, а ќе ги почитува законските приоритети.

4.5. Содржината на платниот инструмент што го доставува Имателот на трансакциска сметка, треба да биде јасен, читлив и прецизен. Банката не одговара за штетата која ќе настане заради закаснување во извршувањето на платниот инструмент под услов тоа закаснување да е предизвикано заради дополнителна проверка на податоците. Ова посебно се однесува на паричните трансфери на трети лица кога Имателот на трансакциската сметка треба точно да го одреди примачот на средствата, бројот на трансакциската сметка и потребните податоци за Банката преку која се извршува плаќањето. За последиците од погрешно пополнетите платни инструменти одговара Имателот на трансакциска сметка.

4.6 Содржината на платната порака МТ101(инструкција за плаќање) примена преку системот на СВИФТ, треба да биде јасна, прецизна и да ги содржи сите неопходни елементи врз основа на кои треба да се реализира плаќањето. Ова посебно се однесува на паричните трансфери кон трети лица, кога точно треба да се одреди примачот на средствата, бројот на трансакциската сметка и останатите потребни податоци за реализирање на плаќањето. За последиците од погрешно доставените податоци, или недоволни податоци за реализирање на плаќањето одговара Имателот на трансакциската сметка.
Банката не е одговорна за, ниту има некаква обврска за проверка на валидноста и авторизираноста на примената платна порака МТ101 преку системот на СВИФТ, ниту пак за проверка на овластените потписници на таа порака. Целокупната одговорност за вака примените платни инструкции е на Имателот на трансакциската сметка.”

4.7. Доколку во тек на реализација на плаќањето дојде до пропуст од страна на Банката, евентуално настанатите трошоци Банката ќе му ги надомести на Имателот на трансакциска сметка.

4.8. Имателот на трансакциска сметка може да извршува плаќање во корист на иматели на трансакциски сметки кај други деловни банки (плаќања кои согласно Одлуката на НБРМ за определување на износот на мало меѓубанкарско плаќање не се сметаат за големи плаќања) преку системот на Клириншка куќа, каде плаќањата се сметаат за конечни по извршеното поравнување на трансакциските сметки на банките во системот на НБРМ и преку системот за порамнување на НБРМ т.н. МИПС (плаќања кои согласно Одлуката на НБРМ за определување на износот на мало меѓубанкарско плаќање се сметаат за големи плаќања и плаќања кои се итни). Изборот за начин на извршување на плаќањето Имателот на трансакциска сметка го врши со назначување во инструментот за плаќање. Доколку Имателот на трансакциска сметка не го назначи начинот за извршување на инструментот за плаќање, Банката по свој избор, а на најдобар начин ќе го изврши плаќањето.

5. Дополнителни услуги

5.1. Банката на Имателот на трансакциска сметка му овозможува и дополнителни услуги поврзани со трансакциска сметка, за што Банката и Имателот на трансакциска сметка се договараат со склучување на посебни договори. Банката може да донесе посебни услови за извршување на дополнителните услуги.

6. Известување

6.1. Имателот на трансакциска сметка согласно законските прописи е должен да ја извести Банката за сите промени во врска со правниот статус, промената на личните и други податоци на овластените лица и другите податоци кои се однесуваат на водење на трансакциска сметка и се наведени во барањето за отварање на трансакциска сметка. Банката не одговара за штетата настаната заради непочитување на обврските за извршување за промените.

6.2. Банката го известува Имателот на трансакциска сметка за сите промени на состојбата на трансакциска сметка со доставување на Извод за промените и состојбата на трансакциската сметка, на начин одреден во договорот за отварање на трансакциска сметка.

6.3. Доколку Имателот на трансакциска сметка не го оспори изводот во рок 8 (осум) работни денови се смета дека го прифаќа.

7. Пресметување камата, провизија и трошоци

7.1. Банката на Имателот на трансакциска сметка му одобрува и пресметува камата на средствата на трансакциска сметка во рок и начин и со каматна стапка кои се одредени со Одлуката на Банката за каматни стапки. Банката пресметаните камати ги припишува на крајот на пресметковниот период или со затворање на трансакциската сметка.

7.2. Банката на Имателот на трансакциската сметка му пресметува и наплатува надомест за вршење на работите во платниот промет, согласно Тарифата на Банката. Овие побарувања Банката ги запишува во своја корист, а на терет на трансакциската сметка на Имателот на трансакциската сметка за што го известува со извод.

8. Затворање на сметка

8.1. Имателот на трансакциската сметка може со согласност на Банката во било кое време писмено да побара раскинување на Договорот за отварање и водење на трансакциската сметка за вршење на платен промет. Имателот на трансакциската сметка може и едностранo да го раскине договорот со отказен рок од 30 дена. Во двата случаи Имателот на трансакциската сметка е должен целосно да ги изврши сите обврски од договорот, настанати до денот на раскинувањето.

8.2. Имателот на трансакциската сметка мора писмено да ја извести Банката за сите измени кои би можеле да влијаат на важноста на договорот. Доколку тоа не го стори, Банката може да го раскине договорот. Сите финансиски

последици настанати заради ненавремено известување, ќе бидат на товар на Имателот на трансакциската сметка.

8.3. Банката може писмено да го раскине договорот доколку Имателот на трансакциска сметка работел спротивно на одредбите од овие општи услови, склучениот договор или законските прописи.

8.4. Договорот престанува да важи доколку во последните 2 (две) години, на трансакциската сметка на Имателот немало средства и промет, како и врз основа на одлуки на надлежен орган согласно законските прописи.

8.5. Договорот престанува да важи на денот на затварање на трансакциската сметка. Имателот на трансакциска сметка е должен да ја врати картата за идентификација на Банката. Доколку картата за идентификација не биде вратена Банката не одговара за евентуална злоупотреба на истата.